ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВО БРОЈКИТЕ ВЕРУВАМЕ
IN NUMBERS WE TRUST.

ИСОС ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1176/8
30.12. 2025 год.
СКОПЈЕ

# ЈАВЕН ОГЛАС
за член на Надзорен Одбор, со арх.бр.0202-1176/8 од 30.12.2025 година

Врз основа на член 22 од Законот за вршење на сметководствени работи, Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија на ден 20.11.2024 година објавува Јавен оглас со арх. бр.0202-1176/8 од 30.12.2025 година за избор на член на Надзорен одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија.

За член на Надзорен одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:

- Да има минимум 10 години работно искуство како овластен сметководител и најмалку 5 години да има поднесувани годишни сметки како овластен сметководител до денот на поднесување на кандидатурата
- Да не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанство и службена дејност
- Да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност

Сите заинтересирани кандидати кои ги исполнуваат долунаведените услови согласно Повикот, **најдоцна до 25.01.2026 година**, до архивата на Институтот на улица:„Св.Кирил и Методиј“ бр.20, деловна зграда на Аутомакедонија, на кат 2 (до главна дирекција на Макпетрол), да ги доставаат следните документи:

- CV за кандидатот;
- Уверение за сметководител/овластен овластен сметководител за кандидатот издадено од Институтот;
- Оригинал документ за вработувања и работни места од Агенција за вработување (АВРСМ) со кој се докажува бројот на години стаж,
- Документ за потврда за редовен работен однос;
- Доказ дека кандидатот не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност,
- Потврда издадена од Централен регистар на Р.С.М. за евидентирани податоци за изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, должност или дејност;

Исполнетоста на критериумите за учество во изборот на член на Надзорен одбор на Институтот ќе биде утврдена од страна на Управниот одбор на Институтот, врз основа на која ќе биде доставен предлог до Собранието на Институтот за избор на член на Надзорен одбор.

По спроведената постапка за исполнетост на критериумите, кандидатите ќе бидат навремено писмено известени дали ги исполнува критериумите за учество за избор на член на Надзорен одбор на Институтот.

Кандидатите кои ги исполнуваат критериумите за учество за избор на член на Надзорен одбор на Институтот ќе биде потребно да присуствуваат на закажаната седница на Собранието каде ќе биде потребно да се претставаат пред членовите на Собранието.

Во самата апликација, кандидатот задолжително да наведе дека аплицира за член на наздорен одбор на Институтот.

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВО БРОЈКИТЕ ВЕРУВАМЕ
IN NUMBERS WE TRUST.

Сите апликанти кои се членови на органите или комисиите на Институтот, со доставената апликација да достават и неотповиклива оставка од членството во органите односно комисиите на Институтот.

Телефон за дополнителни информации:070 291 820

Претседател на Управен Одбор

Весна Прентоска

**Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија**
*ул. „Св. Кирил и Методиј", бр.20 кат бр.2, Скопје, Република Северна Македонија*
тел.: +389 2 3200 030; +389 70 283 807; web: www.isos.com.mk; e-mail: info@isos.com.mk